


## ДВАНАЕСЕТТО ПОКЛОНЕНИЕ ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО ВЕЧНИОТ РИМ

***Како и во изминатите, така и во оваа година, во Рим се оддаде почит на свети Кирил, всушност , на кирилометодиевското свето дело. На манифестацијата што имаше општо југословенски карактер се одвиваше богата програма од 24 до 29 мај.***

Така, на киното *,,Планетариум"* се изврши проекција на играниот филм „*Посебен третман"* во режија на Горан Паскаљевиќ, на анимираните филмови „*Рака"* на Дарко Марковиќ и „*Уфо"* на Петар Глиговорски, како и на филмот „*Барања"* на режисерот М. Клопчич (СР Словенија).

По тој повод во Рим престојуваше југословенска филмска делегација во состав - Горан Паскаљевиќ, Милена Дравиќ и Љубиша Тадиќ. Во салата „*Санта Чечилија",* пак, Јован Колунџија (виолина) и Нада Колунџија (пијано придружба) од СР Србија одржаа концерт , а во салата на Историскиот институт на средниот век на Италија, д-р Бранко Фучиќ од СР Хрватска одржа предавање на тема: ,, *Културно-историските видови на глаголските натписи".* Посебно внимание кај италијанската поблика привлече изложбата „15 македонски современи ликовни уметници" што ја подготви Музејот на современата уметност од Скопје, а којашто се одржа во малата галерија на Изложбената палата на Италија.

Во текот на одржувањето на манифестацијата „*Југославија во чест на свети Кирил"* , чиј

реализатор од италијанска страна беше „
*Театро клуб премио"*
, во Рим допатува југословенска културна делегација чиј шеф беше г. Стјепан Хумо, директор на Републичкиот завод за заштита на споменицитe на културата на СР Хрватска , а членови беа Душан Белиќ, секретар на СИЗ за култура на САП Војводина и г. Цветан Станоевски, помошник претседател на Републичката комисија за културни врски со странство на СР Македонија.



*Карта на етничка Македонија*

Делегацијата, пак, на Светиот синод на МПЦ ја предводеше митрополитот дебарско-кичевски г. Ангеларij, а членови беа протојерејот-ставрофор Трајан Митревски и ѓаконот Јован Таковски, професори на Богословскиот факултет *„Свети Климент Охридски "*
во Скопје, како и пртојерејот Јован Каревски,сегашниот преспанско-битолски архијереј митрополит Петар и г . Славе Јовановски , сегашниот дебарско-кичевски архијереј митрополит Тимотеј, кои се наоѓаше на постдипломски студии во Рим.

Делегацијата од Скопје за Рим појде на 19 мај, а се врати на 25 мај. По пристигнувањето, црковната делегација на чело со митрополитот Ангеларij го посети Секретаријатот за единство на христијаните при Ватикан, каде беше примена од бискупот Мелер и од господата Шмит и Вирвол . Разговорот со нив покрена и низа заемни прашања и мина срдечно, во пријателска атмосфера.

И оваа година делегацијата беше примена со најголеми почести на генерална аудиенција од Неговата Светост папата Јован Павле II. Притоа, од името на Неговото блаженство архиепископот охридски и македонски г. Доситеј, поглаварот на Македонската православна црква, на папата Јован Павле II му беше предаден подарок - пригодна издание на беседата од свети Климент Охридски за римскиот епископ Климент.

Папата посебно внимание посвети на југословенската делегација и на делегацијата на МПЦ, при што посебно поразговара со митрополитот г. Ангеларij и со другите членови, нагласувајќи дека му е драго што делегацијата е дојдена да оддаде почит и да учествува на прославата за свети Кирил Солунски.

Исто така, делегацијата на Македонската православна црква го посети државниот секретар на Ватикан, кардиналот Аугустино Казароли, кој во срдечниот разговор, меѓу другото рече: *„Љубовта е силна за меѓусебно разбирање. Ние имаме една вера и треба да имаме и едногласна теологија, за што почнуваат разговори на Патмос овие денови".*

Потоа делегацијата беше примена од кардиналот Шепар, како и од ам басадорот г. Зденко Свете кој приреди ручек во чест на делегацијата на кој присуствуваа истакнати личности од државата и црквата, меѓу кои кардиналите Шепар и Каприо, монсињор

Вирвол , делегати од Секретаријатот за единство, ректорот на „Словеникум" д-р Језерник и други.

И таа година централната прослава се одржа на 24 мај, кога беше отслужен традиционалниот молебен во црквата *„Свети Климент Римски"* во Рим. На свечената служба што ја водеше митрополитот Анеґларий, во сослужение на свештените лица Трајан Митревски, Јован Каревски и Јован Таковски, покрај југословенската културна делегација присуствуваше и хорот
*„Русикум",*
амбасадорот во Светата столица г. Зденко Свете, монсињор Вирвол, ректорот д-р Језерник, проф. Лацко и бројни поклоненици.

По полагањето венци и свежо цве ќе, митрополитот Ангеларий го одржа следното слово пред гробот на свети Кирил Солунски и, меѓу другото, рече:

*„Делото на свети Кирил е универзално, апостолска. Тоа е целосноисполнување на Христовата заповед: „одете и научете ги сите народи крштевајќи ги во името на Отецот и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат се што сум ви заповедал" (Мт. 18, 19).*

*Поради ова, тоа не може да се смести во географски граници на еден народ, зашто „нивниот глас се слуша дури до крајот на вселената". Евангелското дело секогаш е ново, бесмртно и вечно, проткаено со препородувачка потенцијална сила, импресивно и поучно за младите поколенија како ориентација во нивниот верско-просветен прогрес...*

Македонскиот народ, облагодарен со животната сила на големото дело на свети Кирил, преку употребата на словенските богослужбени книги, одобрени и благословени од римскиот папа Адријан II, со што е манифестирана љубовата Христова како цврста спона на една единствена света, соборна и апостолска црква, се здоби со сите благодети на Божествената премудрост и му дава примарно значење на употребата на мајчиниот јазик кое го потврдува и свети апостол Павле: *,,Во црквата повеќе сакам да кажам пет збора разбрани, за да поучам други, отколку илјада зборови на непознат јазик" (I Кор . 14, 19).*





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**